СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 4415/ 23
16.07.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 58-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 16..07.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 58-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 18 советници, едниот ќе се приклучи во текот на седницата .

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од Педесет и седмата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од 57-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 57-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 57-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
   Точка 2 СЕ ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД, и понатаму се менува редоследот на точките како што следува ;

2. Предлог-Одлука за одредување на под-проект„Реконструкција на улица Западен булевар„ како приоритетна инвестиција;
3. Предлог-Одлука за одредување на под-проект„Реконструкција на улица Дисанска„ како приоритетна инвестиција;
4. Предлог-Одлука за одобрување на Договор за имплементација на под проект„Реконструкција на улица Западен Булевар и улица Дисанска„ и овластување на Градоначалник за Општина Кавадарци за потпише Договор за имплементација;
5. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.18/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
6. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.26/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.47/19 поведен пред Основен суд Кавадарци;

   Точка 8 СЕ ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД, и понатаму се менува редоследот на точките како што следува ;
8. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Николчо);
9. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (превоз пензионери)
10. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Цвета);
11. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекувањеБелчев);
12. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Орешкова);
13. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Сања) ;
14. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Мартинов) ;
15. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Даскалов);
16. Годишен План за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
17. Годишен План за вработување на ЈОУ Дом на Култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на на ЈОУ Дом на Култура„Иван Мазов;

18. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци, донесен од Управен Одбор на КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Известување за работата на Одделението за внатрешни работи – Кавадарци, за прво полугодие од 2021 година со арх.бр. 22.23.6-3692/1-21 од 13.07.2021 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за ? Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни

**Со точка 19** Известување за работата на Одделението за внатрешни работи –Кавадарци, за прво полугодие од 2021 година со арх.бр. 22.23.6-3692/1-21 од 13.07.2021 година

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

**Предлог-Одлука** за примање донација – материјални добра изразени како столбови за Сообраќајни знаци од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за ? Едногласно. Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни

Со точка 20 Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра изразени како столбови за Сообраќајни знаци од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Измена на Годишен План за вработување на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за? Едногласно. Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни

Со точка 21 Измена на Годишен План за вработување на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за? 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни

Со точка 22Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на денешниот дневен ред?

Доколку нема, ваквиот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за? Едногласно . Благодариме.

Одиме со дневниот ред редоследно.

1.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
Колеги отварам расправа.
БОЖАНКА МИНОВА: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги и медиуми по оваа точка која што се однесува за ребаланс на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година би сакала да дадам еден осврт во кој што правиме нели не мали измени, кои што се должат на големите активности кои што се случуваат во нашата општина и со предложениот ребаланс на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година приходниот и расходниот дел се зголемуваат за 47 446 000 денари или вкупен износ имаме од 1 256 679. Од таму најголемо зголемување во приходниот дел во основниот буџет се предлага во капитални приходи од 45 869 000 на 78 328 000 или зголемување од 32 459 000 и во приходниот по основ на трансфери и донации од 116 413 431 на 127 915 000 или вкупно зголемување од 11 484 000. Во расходниот дел на основниот буџет најголемо зголемување имаме во трансферите од 72 938 000 на 81 914 000 или зголемување од 8 976 000. Значително зголемување имаме кај капиталните расходи од 248 749 000 на 274 427 000 или тоа се 25 678 000. Овие зголемувања во основниот буџет најмногу се изразени во посебниот дел на буџетот по програмата ГЕА Изградба на комерцијални објекти и тоа од 103 967 000 на 134 979 . Зголемувањето на капиталните расходи како што е наведено во образложението е за финансирање на нови проекти за кои што се залагавме и посебно моја заложба во овој дел би дала на намена на дел од овие средства за изградба на затворен базен, кој што дел од овие средства ќе се објави преку Влада и Агенцијата за млади , а обврска наша на Општината е да учествува со свои средства во инфраструктуруктурниот дел . Во позицијата на трансфери во оваа програма ГЕА која што се однесува на зголемување од 5 265 000 јас имав еден предлог за зголемување, меѓутоа во разговор со финансовата служба и покрај нели добрата волја на Градоначалникот да се зголеми имаме максимално планирање на сите ставки , па затоа имав два амандмана од коишто за едниот би се задржала да донесиме заклучок во делот на ставката Субвенции и трансфери која што се однесува на здравството, средства за здравството , ние таму имаме предвидено 2 000 000 , тоа е Програма Т1 се извинувам унапредување на здравствена заштита од 2 000 000 да се додадат уште 1 000 000 како заклучок во случај на потреба од интервенција доколку имаме некој нов бран од ковид 19.Значи со овој заклучок ние во моментот доколку би имале една ваква ситуација , би интервенирале со овие средства . Значи не би одело како амандман, него како заклучок за да можеме интервентно да

делуваме доколку се создадат недај боже такви услови . И сакам да кажам уште за Програмата Совет на општина, забележливо е зголемувањето од 4 175 000 и би сакала да апелирам да оваа позиција се намени за овие средства да се наменат за социјално ранливите категории на луѓе , за нивно надоместување , доколку имаат проблеми од здраствен карактер посебно оние кои што се со тешки последици од ковид .
РИСТО САКАЛИЕВ: Жане тоа се пари за изборите . Не можеме да ги тргаме , кампањата и за избори се . За тоа е зголемена програмата на советот, не можеме таму да чепкаме.
ЖАНА МИНОВА: Во овие што се во оваа програма?
РИСТО САКАЛИЕВ: Да.
ЖАНА МИНОВА: Тоа се исклучиво за изборите ?
РИСТО САКАЛИЕВ: Да.
ЖАНА МИНОВА : Така. Добро јас се извинувам за овој дел бидејќи не е наведено дека се наведени за изборите . Во ред тогаш од онаа позиција кадешто може ова да се извлече бидејќи ние и досега нели правевме подршка на оваа категорија на луѓе коишто се социјално загрозени , а се соочија со сериозни проблеми здраствени и би сакала да дадам акцент да се наменат и овие пари посебно за родова димензија согласно со новиот закон за социјална заштита за остварување на правата на жртвите од семејно насилство и нивна заштита во центрите за згрижување . Толку имав јас да кажам околу оваа точка.
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници и медиуми кога се расправа за буџет се врши амандманска измена на ставките од буџетот . Колешката Минова предложи заклучок што не е во склад со законските одредби , статутот и да се носи заклучок на измена во буџетот . Да ја запазиме процедурата на носење на буџет и измени на буџет . Благодарам.
ЖАНА МИНОВА: Носењето на заклучокот е за законска работа, тоа е во консултација со финансовата служба , коишто исто дадоа насоки кои што со години работат на оваа тематика и сигурно ги знаат тековите на носењето на буџетот . Ви благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме . Колеги вака. Ако има консултација со финансии и финансии тоа го имаат во обзир, ради тоа што сега ние овие 3 месеци немаме право по никаков основ , после оваа седница да даваме пари , финансии веројатно како амандман ќе го бараат наредно за ребаланс и ќе го уклопат, да не одиме во непотребна дискусија.Значи држи место ова и од едниот и од другиот , недоразбирање е, ама финансии се компетентни и најреално тие го имаат предвидено . Доколку друг не бара збор точката ја ставам на гласање заедно со заклучоците и со амандманот . Финансии дале мислење, има простор да

го вкалкурираат во нареден ребаланс, тие пари ако се потребни . Нека оди со заклучок.Дали има потреба да викаме човек од финансии?Има ли потреба?Нема потреба, како заклучок.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање? Заедно со заклучоците и со Амандманот . Кој е за ? 15 за , 4 воздржани.

2.Предлог-Одлука за одредување на под-проект„Реконструкција на улица Западен булевар„ како приоритетна инвестиција;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој . Точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно .

3.Предлог-Одлука за одредување на под-проект„Реконструкција на улица Дисанска„ како приоритетна инвестиција;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Одиме со гласање. Кој е за? Едногласно .

4. Предлог-Одлука за одобрување на Договор за имплементација на под проект„Реконструкција на улица Западен Булевар и улица Дисанска„ и овластување на Градоначалник за Општина Кавадарци за потпише Договор за имплементација;

Кој е за? Едногласно.

5. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.18/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за?Едногласно.

6. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.26/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за?Едногласно.

7.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.47/19 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за?Едногласно.

8.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Николчо);

Кој е за?Едногласно.

9.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (превоз пензионери)

Кој е за?Едногласно.

10.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Цвета);

Кој е за?Едногласно.

11.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекувањеБелчев);

Кој е за?Едногласно.

12.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Орешкова);

Кој е за?Едногласно.

13.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (лекување Сања) ;

Кој е за?Едногласно.

14.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Мартинов) ;

Кој е за?Едногласно.

15.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Даскалов);

Кој е за?Едногласно.

16.Годишен План за вработување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.

17.Годишен План за вработување на ЈОУ Дом на Култура,,Иван Мазов Климе,, Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на на ЈОУ Дом на Култура,,Иван Мазов;

Отварам расправа. Нема за збор. Кој е за? Едногласно.

18.Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата КСП,, Подиум–Јадро,,Кавадарци, донесен од Управен Одбор на КСП,,Подиум –Јадро,,Кавадарци;

Кој е за? Едногласно.

19.Известување за работата на Одделението за внатрешни работи – Кавадарци, за прво полугодие од 2021 година со арх.бр. 22.23.6-3692/1-21 од 13.07.2021 година

Отварам расправа. Никој не бара збор . Кој е за? Едногласно.

20.Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра изразени како столбови за Сообраќајни знаци од Друштво за производство, трговија и услуги “ КОЖУВЧАНКА ” ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Кој е за?Едногласно.Благодариме на донаторот.

21.Измена на Годишен План за вработување на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци

Кој е за?Едногласно.

22.Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „ Страшо Пинцур„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци.

Кој е за?Едногласно.

Колеги со ова е исцрпен дневниот ред .

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Ристо Сакалиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-КАВАДАРЦИ